МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број: 11-1568/2
Датум:02.03.2022
Скопје

# ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош изврши увид на лице место на ден 01.03.2022 година на ул.“Скупи 5А“ бр.24 по барање на Инвеститорот “А1 Македонија“ ДООЕЛ Скопје од Скопје за поврзување на деловен објект со оптичка телекомуникациска инфраструктура .За поврзување на деловен објект потребен е зафат во должина од 120м1 на територија на Општина Карпош на ул.“Скупи 5А“ бр.24 .

Поврзувањето на деловниот објект со оптичка телекомуникациска инфраструктура да се изведе според технички прописи и стандардни нормативи за изведување на ваков вид на инсталации и да се изврши обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања.

Ровот од земјена подлога да се врати во првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот да се транспортира до депонија, околу инсталациите да се постави ситен песок и останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви.

Врз основа на податоците на терен и добиените графички прилози за кабловската мрежа на горенаведената локација, извршена е проверка на должината дека истата изнесува 120m1 .

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за земјена подлога да уплати износ од 11.328,00 денари со вклучено ДДВ на име на неповратни средства за изведување на подземни инсталации.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Тома Мандилоски

Љубомир Тодевски